Дневни билтени

2015

Февруари
Март
Април
Мај
Јуни
Јули
Август
Септември
Октомври
Ноември
Декември

2016

2017

2018

2019

2020

Извадок на дел од дневни настани 28.06.2020

На 28.06.2020 во 02.20 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Руѓер Бошковиќ" ги лишиле од слобода Д.С.(36) и В.Г.(37), двајцата од Скопје, затоа што при извршен преглед кај нив била пронајдена прашкаста материја. По документирање на случајот, против нив ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2020 во 00.30 часот, полициски службеници од СВР Скопје во с.Љубанци го лишиле од слобода С.К.(24) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него биле пронајдени марихуана и ризли. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 28.06.2020 во 03.00 часот, полициски службеници од СВР Скопје на ул. „Гвадалахара" го лишиле од слобода Л.Ј.(40) од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.06.2020 во 23.45 часот, од полициски службеници од СВР Скопје на бул.„Илинден" бил приведен 17-годишник од Скопје, затоа што при извршен преглед кај него била пронајдена марихуана. По документирање на случајот, против него ќе биде поднесен соодветен поднесок.

На 27.06.2020 во 06.45 часот било пријавено дека во Скопје на ул.„Горно Лисиче" се случила сообраќајна незгода помеѓу патничко возило „фолксваген поло", со скопски регистарски ознаки, управувано од И.Д.(76) од Скопје и моторцикл „меидуо", со скопски регистарски ознаки, управувано од А.С.(34) од Скопје. Во незгодата со тешки телесни повреди се здобил моторциклистот, констатирани во Градската општа болница „Св.Наум Охридски", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.06.2020 во 15.30 часот било пријавено дека во Скопје на ул. „Дрезденска" С.Н.(63) од Скопје, управувајќи мопед „пијаио", со скопски регистарски ознаки, изгубил контрола и паднал на коловозот. Во незгодата, со тешки телесни повреди се здобил возачот на мопедот, констатирани во Комлексот клиники „Мајка Тереза", каде бил пренесен за укажување на лекарска помош. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од СВР Скопје.

На 27.06.2020 во 08.45 часот во Полициската станица Аеродром Л.М.(68) од Скопје пријавила дека на бул.„АСНОМ" била касната од куче скитник.

На 28.06.2020 во 02.10 часот М.Ј.(26) од Скопје пријавил дека на ул.„Ќемал Сејфула", на паркинг простор, бил физички нападнат од Д.Т., П.В. и уште едно лице, при што тие со тврд предмет му ги искршиле стаклото од неговото возило и неговиот мобилен телефон. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.06.2020 во 23.12 часот во СВР Битола било пријавено дека во летната бавча на хотел во Битола дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Н.М.(47), од една страна и И.А.(32) и В.А.(36), од друга страна, сите од Битола. По целосно расчистување и документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2020 во 15.15 часот во СВР Скопје било пријавено дека на ул. „Тодор Чангов" дошло до нарушување на јавниот ред и мир со меѓусебна пресметка помеѓу Н.Т.(40) од Гостивар и Ј.Ј.(40) од Кавадарци, на која, според пријавеното, ѝ претходела вербална расправија поради место на паркинг. Според пријавеното, Ј.Ј. со неговото возило се обидел да го прегази Н.Т., кој притоа се здобил со повреда, по што започнала физичка пресметка меѓу нив. Во еден момент Ј.Ј. отишол до куќата во која престојувал и се вратил со пиштол, додека Н.Т. избегал од местото на настанот. По пристигнување на полициските службеници, Ј.Ј. бил затекнат со посочениот пиштол, за кој било утврдено дека е воздушен и кој му бил одземен. Тој бил лишен од слобода, а Н.Т. бил пренесен во Градската општа болница „Св.Наум Охридски" за укажување на лекарска помош. По целосно документирање на случајот ќе следи соодветен поднесок.

На 27.06.2020 полициски службеници од СВР Тетово, вршејќи служба на ул. „Маршал Тито" – Монопол, на влезот од фирма, затекнале повеќе лица кои на ѕидот испишувале графити за политичка партија. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.06.2020 во 00,20 часот А.С.(25) од Куманово пријавил дека во Куманово, на ул.„Кирил и Методиј", тој и неговиот 17-годишен роднина биле нападнати со тврд предмет од М.Т.(27) од Куманово. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.06.2020 во 23.40 часот Р.Р.(23) од Скопје пријавил дека на ул.„Перо Наков" бил физички нападнат од Ф.К.(32) од Скопје. Сочинет е записник за констатиран прекршок по чл.12 од ЗППЈРМ.

На 27.06.2020 во 22.20 часот Г.А. од с.Лознани пријавил дека околу 22.00 часот кај спортската сала во Битола неговиот 16-годишен син бил физички нападнат со тврд предмет од Х.Г. од Битола. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.06.2020 во 02.25 часот А.К.(35) од Штип пријавил дека на ул.„Сремски фронт" во Штип бил физички нападнат од К.А.(34), Д.И.(27) и М.Н., сите од Штип. Се работи на расчистување на случајот.

На 28.06.2020 во 02.30 часот А.Н.(19) од Битола пријавила дека ул. „Партизанска" била физички нападната од едно непознато лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.06.2020 во 14.15 часот С.С.(43) од Штип пријавил дека на 24.06.2020 околу 16.00 часот на ул.„Струмичка" неговиот шестгодишен син бил турнат од друг малолетник, при што се здобил со тешка телесна повреда. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.06.2020 во 22.30 часот во СВР Тетово Б.В.(41) пријавил дека околу 18.00 часот неговиот 14-годишен син, додека бил со другарите во двор на основно училиште, бил физички нападнат од непознато лице. Според пријавата, на нападот му претходела расправија со две девојчиња околу простор за играње кошарка, при што малолетникот бил физички нападнат од нив, по што возвратил. Како што е наведено во пријавата, во тој момент едно непознато лице физички го нападнало малолетникот, а по пристигнувањето на полициските службеници, малолетникот заедно со неговиот татко бил пренесен во Клиничката болница Тетово за укажување на лекарска помош. Истиот ден, околу 20.20 часот, во врска со посочениот настан, М.К.(20) во СВР Тетово пријавила дека таа и нејзината сестра на спортското игралиште во основно училиште биле физички нападнати од малолетно лице. Се работи на расчистување на случајот.

На 27.06.2020 во 08.00 часот било пријавено дека на 26.06.2020 околу 00.00 часот во Кочани, непознато лице се обидело да изврши објуба врз 86-годишна жена во нејзиниот дом, физички ја нападнал по што ѝ одзел материјални средства. Извршен бил преглед од лекар, а за настанот бил известен Јавен обвинител. Извршен бил увид на местото на настанот од увидна екипа од Полициската станица Кочани. Се преземаат мерки за расчистување на случајот.

На 28.06.2020 во 05.30 часот во Полициското одделение Групчин Н.И. (19) пријавил дека околу 03.00 часот, додека бил со неговиот пријател Е.И., на излезот од село Рогле бил нападнат со железна шипка од С.С.(23) од с.Рогле. Според пријавеното, на нападот му претходела меѓусебна вербална расправија на 27.06.20202 околу 23.00 часот во с.Рогле. Н.И. и Е.И. успеале да побегнат и се упатиле во Клиничката болница Тетово за укажување на лекарска помош, каде на Н.И. му биле констатирани тешки телесни повреди. Се работи на расчистување на случајот.

Секој упад и злоупотреба на веб страницата на МВР е казнив по член 251 од КЗ на Република Северна Македонија

Министерство за внатрешни работи на Република Северна Македонија, ул.Димче Мирчев бр.9, 1000 Скопје.
тел: +389 (0)2 3 117 222 факс: (02)3112468 е-пошта: kontakt@moi.gov.mk

Изработено од Унет